MQS
Partner of Quality Austria
Бр./Nr 09 - 1744/10
25-12-2020
_________г./v.

Врз основа на член 22 став 7 и член 76 став 2 алинеја 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 став 4 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК), постапувајќи по анонимна пријава, на 41 та седница, одржана на ден 11.11.2020 година донесе

## ОДЛУКА

**СЕ ЗАПИРА постапката за утврдување судир на интереси** против лицето ------, директор на ЈПКД --------- бидејќи не се потврдени наводите од пријавата и не е утврдена состојба на судир на интереси согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Согласно со одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема основ за нејзино натамошно надлежно постапување по предметот со број 09-4264/1 од 13.09.2019 година.

**Се поведува прекршочна постапка** против -------, директор на ЈПКД ------------, бидејќи во законски предвидениот рок согласно член 56 став 2 од Законот за спречување на корупција и судирот на интереси, после вработување на член на неговото семејство (ќерка) во орган на локалната самоуправа не ја извести ДКСК.

Постапувањето по предметот со број 09-4264/1 од 13.09.2019 година се ЗАПИРА.
По завршување на прекршочната постапка предметот да се затвори и архивира.

## О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 09-4264/1 од 13.09.2019 година е оформен врз основа на добиена анонимна претставка во која подносителот наведува дека лицето ----------, директор на ЈПКД --------- ја искористил својата позиција и ја вработил својата ќерка ---------- во Општина --------. Исто така, во претставката е наведено дека директорот на ЈПКД --------- е избран од страна на градоначалникот на Општина -----и ќерката на истиот е вработена од градоначалникот на Општина -----------.

Државната комисија за спречување на корупцијата со цел утврдување на фактичката состојба и потврдување на наводите во претставката, до Општина -------достави барање за обезбедување на целокупната постапка за спроведување на оглас за вработување на лицето ------- и дополнителни податоци доколку истото лице било вработено или ангажирано по кој било друг основ во Општина ------. Во законски утврдениот рок Општина --------- ги достави бараните податоци, при што ДКСК ја утврди следната состојба:

Врз снова на Законот за работни односи и Законот за приватните агенции за вработување, Работодавачот Агенција за привремени вработувања ЕСИ – ВРЕМЕНО ВРАБОТУВАЊЕ СКОПЈЕ и лицето ------- и работно место Соработник за јавни набавки, одделение за јавни набавки и администрирање со имотот и општината, Сектор за финансиски прашања - од друга страна (работник), на ден 31.05.2019 година склучиле Договор за вработување бр.0402-2251 за период од три месеци, почнувајќи од 01.06.2019 година до 31.08.2019 година. Работникот ------- согласно овој договор е отстапена на Општина -------на работно место Соработник за јавни набавки, одделение за јавни набавки и администрирање со имотот и општината.

Врз снова на Законот за работни односи и Законот за приватните агенции за вработување, Работодавачот Агенција за привремени вработувања ЕСИ – ВРЕМЕНО ВРАБОТУВАЊЕ СКОПЈЕ и лицето ------- и работно место Соработник за јавни набавки, одделение за јавни набавки и администрирање со имотот и општината, Сектор за финансиски прашања - од друга страна (работник), на ден 01.11.2019 година склучиле Договор за вработување бр.0402-4248 за период од една година, почнувајќи од 01.11.2019 година до 31.10.2020 година. Работникот ----- согласно овој договор е отстапена на Општина --------- на работно место Соработник за јавни набавки, одделение за јавни набавки и администрирање со имотот и општината.

Од страна на Општина Делчево доставено е Барање за објавување на Јавен оглас за вработување на две лица со бр. 04-2114/1 од 12.11.2019 година. Едното работно место е помлад соработник за јавни дејности, на кое се вработува лицето ----------. Вработувањето е согласно Законот за административни службеници, преку Агенцијата за администрација. Формирана е Комисија за селекција за вработување по Јавен оглас, спроведен е испит за административен службеник, извршена е проверка на веродостојноста на докази и интервју за административен службеник. Видено од Записникот од спроведена проверка на веродостојноста на докази и интервју за административен службеник со бр.10-2043/6 од 21.12.2019 година, во однос на работното место Помлад соработник за јавни дејности уредно поканети се тројца кандидати, од кои само еден кандидат успешно ја поминал проверката на веродостојноста на доказите. Другите двајца кандидати не се појавиле на предвидениот термин за веродостојноста на документите.

Агенцијата за администрација доставува Предлог за вработување на кандидати по Јавен оглас 316/2019 со бр. 10-2043/7 и за работното место Помлад соработник за јавни дејности ја предлагаат ---------, по што градоначалникот на Општина -------- носи Одлука за избор на кандидати по Јавен оглас со бр. 04-2114/13 од 23.12.2019 година, со која се врши избор на кандиатот -------- за наведеното работно место.

ДКСК исто така се обрати до Агенцијата за администарција во однос на достава на копија од известувањето (испратено по mail, sms, писмено или др. начин) доставено до кандидатите за горе наведеното работно место со идентификациски код: 71D35D4, A504A0C I 24050CA, за да присуствуваат во просториите на Агенцијата за администрација со цел спроведување на постапката на веродостојноста на доказите и интервју.

ДКСК беше известена од страна на Агенцијата за администарција дека канидатите биле известени на следниот начин: на интернет страницата на Агенцијата за администарција е објавена Ранг листа од одржана Фаза 2 – испит за административен службеник и Информација за денот и часот на одржување на третата фаза на селекција за што е изготвен Записник од спорведен испит за админситартивен службеник, како и преку доставување на посебно известување до кандидатите на нивните e-mail адреси, нотификации на нивните профили и испраќање на СМС пораки. Во прилог на дописот се доставени докази дека сите кандидати се уредно повикани за достава на документацијата по Јавниот оглас.

Од друга страна, по проверка во својата евиденција, ДКСК утврди дека службеното лице --------- нема доставено известување до ДКСК за вработување на член на нговото семејство (ќерка) во орган на локалната самоуправа согласно член 56 став 2 од ЗСКСИ, по што ДКСК достави Прекршочен платен налог со бр. 09-1744/6 од 12.11.2020 година до него.

----------- достави копија од Образец ПП50 за извршена уплата на половина од изречената глоба на ден 19.11.2020 година, односно во законски предвидениот рок.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Претседател,
Билјана Ивановска

По заклучок на ДКСК,
Изработил: К.З., - советник
Одобрил: Г.Т. – член на ДКСК